УДК 821.163.3:37.091.212

Стручен труд
Professional paper

# ХУМАНИЗАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА НА УЧЕНИКОТ ПРЕКУ ПОЕЗИЈАТА НА АЦО ШОПОВ

**Лидија Камчева-Панова**
Вонреден професор, Филолошки факултет – УГД Штип,
lidija.panova@ugd.edu.mk

**Апстракт:** Роден спроти западното крило на Исарот, во Горно Маало, во мала куќа на „Солунска“ бр. 10, Александар (Ацо) Ѓорѓи Зафиров – Шопов, ќе го минува своето детство, од раѓање, па сѐ до излегување во партизани во 1943 год. Од првото интегрално поетско пројавување – „Песни“ (1944), преку „Пруга на младоста“ (1947 заедно со С. Јаневски), со наши раце напишани стиховите за маката и радоста кои се слејуваат со тишината и порачуваат дека ветрот носи убаво време излегуваат вонредните книги „Небиднина“, „Гледач во пепелта“ и „Песна на црната жена“, па сѐ до последниот поетски тестамент „Дрво на ридот“ (1980), Шопов создава неверојатни хуманистички пораки, а мисијата на неговата литература е човекољубието. Преку метафората Ацо ја открива човековата душа и праќа порака како да бидеме подобри, да бидеме чисти, да напредуваме. Дланките јагленосани укажуваат на рацете работни и чисти и за тоа дека мора да се работи за да се опстане. Читајќи ја поезијата на Шопов, преку неговиот трифазен поетски опус, неминовно е да ја согледаме неговата хуманистичка страна, која ја пренесуваме и на учениците преку обработка на дел од неговата поезија. Преку мал дел од неговата поезија, учениците ја пронаоѓаат светлината во мракот бидејќи таа секогаш успева да ја потисне темнината и на тој начин да се хуманизира нивната личност, да знаат дека доброто го победува злото.

**Клучни зборови:** хуманизација, ученик, настава, човекова душа, поезија

Ацовото срце ќе бие за куќата, мајката, вербата, надежта, а со оганот во неговата душа, подзасилен од мајчините очи и стихови, Ацо, тивко и скромно, ќе го гради својот лирски профил, изразен и врамен меѓу кориците на гимназиската Тетратка за писмени состави. Ацо, дете – ученик, е потиснат од голата егзистенција во родителската трошна куќа. Тој рано ќе ја почувствува горчината на животот, на ужасот, стравотијата и гневот. Но, тоа нема да влијае врз неговите хуманистички погледи кон луѓето и животот. Неговите три појдовни одредби во поезијата се: мајката, најраните творби посветени на мајката и теговните детски денови, кои се важни за неговата љубов и борба за зборот, жената, мајката, љубовта, земјата и татковината.

Ацо Шопов, за воспитанието на младите, на учениците, ни остави троединство: борбата како морален чин и долг; изградбата (обновата) како обврска и неопходност; љубовта како двигател на човештвото.

Тој е творец на литература чија прва и основна мисија е човекољубието – да бидеме ЛУЃЕ МЕЃУ ЛУЃЕТО.

Пораките за хуманизација на личноста за идните генерации, Шопов ги испраќа уште во своите први творби. Тоа се пораки за Борба и Истрајување.

Неговата Небиднина, се развива уште во песните „Пијаница“ и „Мајка“.

„...сѐ што има потрошува, за дома грижа не води... Кутри деца дома плачат ... но некогаш за навек ќе се изгуби.“ *(Пијаница,1937)*

Моќта на стиховите, да ни пренесат какви не треба да бидеме, да ни укажат на грдосијата на пијанството, на живото на децата со татко-пијаница со цел да се осуди негрижливиот и суров однос на таткото кон сопственото семејство.

Наспроти ова, во „Мајка“ (1938), поетот ја глорификува добрата, грижлива и сакана мајка – родилка – жена и се моли за нејзино побрзо оздравување. Песна со искрени и чисти лирски чувства, со излив на немерлива љубов и благопочит спрема мајката.

„...најголема моја светиња ... Јас те молам мил мој Боже да ја чуваш здрава да е...“.

Љубовта, прво кон мајка си, со која комуницира преку и со нејзините ОЧИ, ја опева и кон жената. „Очи“ ја симболизираат љубовта на поетот кон мајката – жената – земјата, трансформирана преку љубовта кон борецот, кон интимната другарка, жена и храбра партизанка (Цена, Вера). Преку оваа метафора, тој повикува и кон нов бунт, повик за борба за слобода, развивајќи го патриотизмот кај учениците.

„Телото мое моли:
Пронајди збор што личи на обично дрво
што личи на **дланки јагленосани и прародителски голи,**
што е како чедност во секое молење прво.
За таков збор телото мое моли.“
*(Молитва за еден обичен, но уште непронајден збор)*

Дланките јагленосани укажуваат на рацете работни и чисти и за тоа дека мора да се работи за да се опстане. „Прародителски голи“ – укажува на чесноста наследена од дедовците и бабите.

Читајќи ја поезијата на Шопов, преку неговиот трифазен поетски опус, неминовно е да ја согледаме неговата хуманистичка страна, која ја пренесуваме и на учениците преку обработка на дел од неговата поезија.

Преку мал дел од неговата поезија, учениците ја пронаоѓаат светлината во мракот бидејќи таа секогаш успева да ја потисне темнината и на тој начин да се хуманизира нивната личност, да знаат дека доброто го победува злото.

„Треба да бидеме подобри.
Подобри од **црвеното срце на лебот**,
подобри од **белите усни на водите,**
заради нас,
заради нас,
заради човековиот „Добар ден",
заради она нивно дете
што го замислиле твоите утра
и божилото на твоето срце."
*(Треба да бидеме подобри)*

Преку црвеното срце на лебот, се прикажува визија на поетот за елементарната гола егзистенција од која ние луѓето треба да бидеме подобри, додека пак, преку белите усни на водите, Ацо упатува на тоа дека треба да бидеме чисти како изворската природна вода ама и подобри за да напредуваме, зашто иднината бара нешто повеќе од природното и од едноставното. Преку метафората Ацо ја открива човековата душа и праќа порака како да бидеме подобри, да бидеме чисти, да напредуваме.

„Ако носиш нешто неизречено,
Нешто што те притиска и пече,
Закопај го во **длабоката тишина,**
Тишината сама ќе го рече."
*(Во тишината)*

Нашиот универзум, нашиот најдобар другар, другар на секој човек. Тишината има разбирање и сочувство за нашата душа. Доволно е да останеме сами со себе да го кажеме „тоа" во тишината, а таа како нем универзум ќе ни ја ублажи болката и ќе ни ја залечи раната. Ова ќе го потврди секој од нас, бидејќи сите имаме нешто закопано во длабоката тишина. Тишината е активна состојба на духот, внатрешен крик на битието.

Шопов, од почетокот до самиот крај, пееше за својата најголема љубов – Македонија, пееше за љубовта, за жената, за татковината. Со тоа ги предупреди идните генерации на опасноста од националната и етничката неделивост, но истовремено со својот поетски глас ќе инсистира на љубов и борба, ќе повика на Истрајување.

„Небиднина" и „Гледач во пепелта" постојано укажуваат на она што ни се случило (за да можеме да си ја сочуваме иднината) и предупредуваат на опасностите што ни се закануваат, преку „Дрво на ридот" ќе повика на љубов, разбирање, борба и истрајност како хуманистички карактеристики кои треба да ги поседува секој млад човек. Овие стихови ги предупредуваат генерациите на опасноста од национална и етичка неделивост и ќе инсистира на љубов и борба и ќе повикува на истрајување.

Ќе рече: „...млад сум, а душата ми е остарена Од љубов моја неостварена, љубовта, Македонија“... *(Оздравување на болниот)*. И од далечната Африка, далеку од својата татковина, тој се враќа на својата антејска почва, на своите езера на животот за да се напие вода, да го закрепне телото, да го возобнови духот, велејќи им на идните генерации дека тоа е највисока смисла на животот, зашто преку откривање на родината, ќе го откриеме светот.

И во последната тригодишна негова битка со Небиднината, од неговите ОЧИ, се праќа порака до идните генерации да не се плашат од смртта, туку да се грижат и плашат за судбината на Македонија, за она дете што доаѓа и треба да биде „признато и прифатено од сето човештво, како добрина и Македонија“. *(Езеро на животот)*

Во „езеро крај манастирот“, Ацо нè упатува да ги отвориме ширум очите за опасностите што му се закануваат на езерото, на „брегот што се рони“, праќајќи ни предупредување за еколошка катастрофа. Затоа треба да бдееме над него, да го вардиме тоа наше езеро.

„Едната рака ме потсеќа на сињорка од Жоал,
а втората на убавица под Исарот од Штип,
И со тие крила – раце и јас низ свет се
вивнувам и полетувам“. *(Две раце)*

Овие стихови се пример за интерклутурната комуникација меѓу различни луѓе, од една страна, и хуманизмот и космополитизмот на Шопов, од друга страна.

Малку познато е дека Ацо Шопов има пишувано и вакви минијатури:

„Падна на ридот, еден штрк
сонува брегови зелени.
Му се привидува дека е пак
со јатата иселени.
Во летот долг се срушил он
и никој не го закрилува.
Ѕемне... и мисли дека е сон
првата снегулка што го милува.
*(Штрк, Слеј се со тишината, 1955)*

Песна за животот и смртта, за сонот и надежта, еден јаз помеѓу личното и општото, помеѓу радоста и тагата, опис на животните немири и збивања, на кои младите генерации треба да бидат подготвени.

Ацо Шопов е историска личност. Тој е име на нашава сегашност, со кое постојано треба да останеме во дослух. Тоа е име, од кое постојано треба да учиме како да се сака својата земја, народ, како да им се служи и како да се биде ЧОВЕК меѓу ЛУЃЕТО.

Тоа е суштината на поимот Ацо Шопов.

## Користена литература:

[1] Китанов, Б. (1998). Ацо Шопов – живот и дело. Култура. Скопје
[2] Китанов, Б. (2014). Македонија – во светот, светот – во Македонија (книжевни есеи и беседи за идентитетот. НУБ „Гоце Делчев". Штип. стр. 122–144
[3] Китанов, Б. (2006). Книжевни прилози за наставата. Педагошки факултет „Гоце Делчев". Штип. стр. 49–59
[4] „Творештвото на Ацо Шопов" (1993). Зборник, Филолошки факултет – Скопје, Институт за македонска литература. Скопје

## HUMANIZATION OF THE STUDENT'S PERSONALITY THROUGH THE POETRY OF ACO ŠOPOV

**Lidija Kamceva-Panova**
Goce Delcev University, Stip

Born opposite the western flank of the Isar, in Gorno Maalo, in a small house at "Solunska" no. 10, Aleksandar (Aco) Gjorgi Zafirov - Shopov, will spend his childhood, from birth until he joined the partisans in 1943.From the first integral poetic manifestation - "Poems" (1944), through "Rail of youth" (1947 together with S. Janevski), the verses written by our hands about pain and joy that merge with the silence and say that the wind brings good weather come out the extraordinary books "Not-being", "Reader of the ashes" and "The song of the black woman", until the last poetic testament "The tree on the hill" (1980), Shopov creates incredible humanistic messages, and the mission of his literature is philanthropy. Through the metaphor, Aco reveals the human soul and sends a message on how to be better, to be clean, to progress. Charred palms indicate working and clean hands and that one must work to survive. Reading Shopov's poetry, through his three-phase poetic opus, it is inevitable that we perceive his humanistic side, which we also convey to the students by processing part of his poetry. Through a small part of his poetry, the students find the light in the darkness because it always manages to suppress the darkness and thus humanize their personality, to know that good defeats evil.

**Key words:** *humanization, student, teaching, human soul, poetry*